Друштво за промет и услуги
АЛКАЛОИД КОНС увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 03 - 2062/1
18.12 2020 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307 - 1594/1
14. 12 2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на стоки**
**Оглас 16759/2020**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУ Универзитетска Клиника **за неврологија**,
ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Директор Д.р- Иван Барбов од една страна, и
**2. АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ** Скопје, адреса: бул. Александар Македонски бр.12 Скопје со ЕМБС: 5845173 застапуван(о) од Одговорно лице: Оливер Лазарески , (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки: **Лек-Teriflunomide.**
**Количина – 1036 парчиња (филм-обложена таблета)**
По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната цена на стоките изнесува: 1.465.359,84 денари без ДДВ,
ДДВ: 73.267,99 денари,
**Вкупна цена со ДДВ: 1.538.627,83 денари.**
Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 7 дена во Аптеката на ЈЗУУ Клиника за Неврологија - Скопје, по доставено месечно требување од клиниката , да го има на лагер постојано. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот

## VII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

Член 6

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :

- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горе наведената цел;